

# Патешествието до нето-нула целта

**Како горд индустриски центар, регионот Hunter е дом на:**

- Голема работна сила со искуство во тешката индустрија, рударството, челичната индустрија, алуминиумската индустрија и напредното производство.
- Важна инфраструктура, вклучувајќи гасоводи, далноводи на електрична енергија и инфраструктура за отпадни води.
- Извозни капацитети од светска класа, вклучувајќи ги пристаништето и аеродромот во Newcastle.

Сега кога Австралија се движи кон нето-нула целта, регионот Hunter е добро поставен да:

- **Привлекува инвестиции**
- **Обезбедува проекти**
- **Гради безбедна и просперитетна економија за иднината**

# Каква поддршка е достапна?

Австралиската влада ќе работи со заедницата во регионот Hunter за да обезбеди обука, поддршка за преквалификација и можности за вработување.

## Поддршка за работниците



Регионалните службеници за транзиција на работната сила (Regional Workforce Transition Officers) тесно соработуваат со локалните агенции за вработување за:

- Да подготват План за транзиција на регионалната работна сила (Regional Workforce Transition Plan)
- Да им помогнат на бизнисите околу нивните потреби од работна сила
- Да им помогнат на локалните TAFE институти и универзитети да разработат решенија за обука.

## Програми за стекнување вештини и обука



- Со Програмата за приправници во секторот на нова енергија (New Energy Apprenticeships Program) се обезбедува финансиска поддршка во износ до 10.000 долари, за да им се помогне на приправниците да стекнат вештини во секторот на чиста енергија.
- Давателите на услуги за подучување на приправници во секторот за нова енергија (New Energy Apprenticeship Mentoring Providers) ја поддржуваат обуката на приправници за да се создаде работна сила во секторот на чиста енергија.

**Со заедничка работа, ќе овозможиме регионот Hunter да биде дел од новата работна сила во секторот за чиста енергија.**



Australian Government

За да дознаете како регионот Hunter ја води енергетската трансформација, посетете ја веб-страницата **futuremadeinaustralia.gov.au**